**АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 11 став (3) од Законот за туристички развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 141/12) година директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ НА УРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми и начинот на заградување и означување на просторот на зоната, како и уредувањето, обезбедувањето и осветлувањето на оградата, влезовите и излезите на Туристичката развојна зона.

## Член 2

Просторот на зоната треба да биде заграден на начин кој ќе оневозможи било каква злоупотреба на зоната.

## Член 3

(1) Заградувањето на зоната се врши врз основа на следните критериуми:

- оградата, сметано од основата до нејзината највисока точка, да е висока најмалку 180 см;

- оградата да биде од челична мрежа (жица) со дебелина од најмалку 0,2 см со отвори на мрежата со обем не поголем од 12 см, или од тули или од бетон со дебелина од најмалку 30 см;

- оградата, која е од челична жица, да е прицврстена на метални столбови со дијаметар од најмалку 10 см и дебелина од најмалку 3 мм или бетонски столбови не помали од 14x14 см, кои треба да бидат вкопани во земјата во длабочина не помала од 50 см и со растојание еден до друг столб од најмногу 4 метри.

(2) Оградата со која е ограден просторот на зоната треба да се одржува во исправна состојба.

## Член 4

(1) Зоната може да има повеќе влезови, односно излези, заради посебни инфраструктурни решенија.

(2) На видно место на секој влез и излез на зоната треба да биде поставена табла со натпис “Туристичка развојна зона“ со назначување на името на зоната, со димензии не помали од 2х1 метри.

**Член 5**

Вратите на влезот и излезот на зоната и оградата на зоната од член 3 ставови (1) и (2) од овој правилник ноќно време треба да бидат осветлени на начин кој што овозможува доволна видливост.

**Член 6**

Вратите на влезот и излезот на зоната, од основата до нивната највисока точка треба да се со висина од најмалку 180 см и да се изработени од цврст материјал со што се оневозможува неовластено постапување.

**Член 7**

Овој правилник влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-798/3 | Агенција за промоција и |
| 24 ноември 2014 година | поддршка на туризмот |
| Скопје | Директор, |
| | **Крстијан Џамбазовски,** с.р. |